СОЈУЗ НА ИЗВИДНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ПРОТОКОЛ ПРИ ИЗВИДНИЧКИ АКТИВНОСТИ

Содржина:


- КОМАНДИ

  1. ЗБОР
  2. МИРНО
  3. СЛОБОДНО
  4. ОСТАВ
  5. ВОДАЧИТЕ ДА ПОДНЕСАТ РАПОРТ
  6. ОДГОВОРНИТЕ ЗА ПОДИГАЊЕ (СПУШТАЊЕ )на знамето ДА ИСТАПАТ
  7. ПОЗДРАВ КОН ЗНАМЕТО
  8. НА СВОИТЕ МЕСТА

- ПОЗДРАВ

  1. МАНУЕЛЕН ( РАЧЕН )
  2. ЗВУЧЕН

- ПРОТОКОЛ

  1. ПРИПРЕМА ЗА ПОСТРОЈУВАЊЕ
  2. ПОСТРОЈУВАЊЕ
  3. ПРЕНОСНА КОМАНДА
  4. ОБРАЌАЊЕ
  5. ДАВАЊЕ РАПОРТ
  6. ДНЕВНА ЗАПОВЕД
  7. ПОДИГАЊЕ ( СПУШТАЊЕ ) НА ЗНАМЕТО
  8. ПАКУВАЊЕ НА ЗНАМЕТО

- ДАВАЊЕ ЗАВЕТ

# КОМАНДИ

1. **ЗБОР** Командата ЗБОР се искажува кога Водачот сака да ја собере патролата ( група, јато, екипа, посада ) околу себе или на зборно место однапред договорено поради взаемен договор, постројување итн. Командата ЗБОР може на ниво на патрола ( одред, јато, екипа ) да се замени со светлосен или звучен сигнал добро познат помеѓу членовите на истата.

2. **МИРНО** Командата МИРНО ја издава Водачот на патролата или Началникот на Одред ( Смотра, Акција , Семинар итн. ) На оваа команда се завзема исправен став на телото со поглед право пред себе, нозете споени во петици, а рацете испружени и припиени покрај телото. Во оваа положба се останува се додека не се командува поинаку.

3. **СЛОБОДНО** Со оваа команда групата се ослободува од секоја предходно изречена команда. Командата СЛОБОДНО може да биде изречена и како **НА МЕСТО СЛОБОДНО** и важи кога патролата се наоѓа на постројување. Со оваа команда му се дава право на секој поединец да заземе положба на телото која му е најкомотна во стројот. Ако командата **СЛОБОДНО** биде изречена на патрола во движење, со неа на патролата и се дава одмор. Најчесто оваа команда е временски ограничена како на пример: **10 минути слободно**.

4. **ОСТАВ** Со командата ОСТАВ се прекинува извршувањето на последно изречената команда. По командата ОСТАВ последната изречена команда започнува да се извршува од почеток. Оваа команда се изречува кога не се почитува последно изречената команда. Командата остав може да се изрече кога патролата се однесува непристојно, кога пристапот е неправилен и не е во согласност со правилата или кога униформата не се носи према пропишаните пралвила.

5. **ВОДАЧИТЕ ДА ПОДНЕСАТ РАПОРТ** Оваа команда се изречува најчесто на Постројување каде присуствуваат повеќе патроли и кога е важно да се утврди присутноста на членовите и нивната бројчана застапеност. Оваа команда ја изрекува : Водач на дружина, Началник на одред (акција , смотра, бивакување, логорување итн. ), Старешина на одред и други одговорни лица.

6. **ОДГОВОРНИТЕ ЗА ПОДИГАЊЕ - СПУШТАЊЕ НА ЗНАМЕТО ДА ИСТАПАТ** На секоја организирана средба на извидници пожелно е да се предвиди подигање и спуштање на знаме било тоа да е одредско или државно. За подигање и спуштање на знамето се одредуваат извидници према нивните заслуги и покажани резултати. Одредените извидници на оваа команда треба да истапат до јарболот и да се подготват за извршување на командата.

7. **ПОЗДРАВ НА ЗНАМЕТО** По оваа коман
да одговорните за подигање или спуштење на знамето започнуваат со извршување на командата. Останатите учесници доколку се наоѓаат во строј завземаат став мирно со поглед свртен кон знамето. Водачите на патролите кои се надвор од стројот застануваат во став мирно, со

поглед свртен кон знамето и отпоздравуваат со извиднички поздрав.

8. **НА СВОИТЕ МЕСТА** Со оваа команда им се дава право на сите кои излегле од стројот со некоја предходна команда да се вратат во истиот.

## ПОЗДРАВУВАЊЕ

Поздравувањето и отпоздравувањето во извидничката организација се користи во следниве пригоди: при подигање и спуштање на знаме, давање на рапорт и кога приликите тоа го налагаат. Во извидничката организација разликуваме два вида на поздрави и тоа:

- мануелен ( рачен )
- звучен ( со извик )

- Мануелниот поздрав се манифестира на следниов начин: се испружуваат прстите на десната рака. Палецот и малиот прст со составуваат и се доближуваат кон внатрешноста на отворената дланка. Останатите три прста на раката остануваат исправе ни. Во оваа положба десната рака со пок азалецот се доближ ува до десната слеп оочница.

-

- Звучниот поздрав се изведува само како отпоздрав, и тоа на смотра при обраќање на старешината кон учесниците ги поздравува со **ИЗВИДНИЦИ ЗДРАВО !!!** на кој сите извидници одговараат сложно и громогласно **ЗДРАВО !!!** . Звучниот поздрав на смотри каде присуствуваат одреди од републиката би требало да биде унифициран. Секој одред ( јато, патрола, екипа ) може да има свој поздрав како синоним.

## ПРОТОКОЛ

Како и секоја организација, па и СИМ треба да има пишан протокол како би требало да изгледа една добро организирана средба на извидници. Во понатамошниот текст нема да се обидеме да наметнеме нови правила на однесување, него само да го утврдиме значењето на командите и одделни фрази кои се користат во извидничкиот живот. Целта на овој протокол е еднакво толкување и реагирање на изречените команди.

**ПРИПРЕМА ЗА ПОСТРОЈУВАЊЕ** Началникот на смотрата ( акција итн. ) или неговиот заменик се должни 20 минути пред почетокот на истата да ги обавестат водачите да се припремат за постројување. Истовремено да би се спречило губење на време на водачите им се соопштува **ЛИНИЈА НА ПОСТРОЈУВАЊЕ** и местото оределено за секој учесник. По краткото информирање водачите свикуваат **ЗБОР** ги собираат своите членови, ги постројуваат во две или четири реда и се упатуваат на нивното место за постројување. Доколку се работи за екипи истите во колона по еден пристапуваат на линијата за постројување и се редат еден позади

друг. Водачот и во двата случаи застанува **три метри** наспроти групата која ја предводи.




Началникот на смотрата командува дека важи **преносна команда** од десно на лево и командува **ИЗВИДНИЦИ МИРНО**. Секој од водачите почнувајќи од десно према лево и команди на својата група **МИРНО**. Следната команда која ја кажува началникот е **ВОДАЧИТЕ ДА ПОДНЕСАТ РАПОРТ**. Тргнувајќи од десно према лево водачите му пристапуваат на началникот во линија на одалеченост до **три метри**.

Давањето **РАПОРТ** се одвива на следниов начин:

Водачот му приоѓа на началникот наспроти него на растојание од **два метра**. Ја подига десната рака за поздрав и чека се додека началникот не го отпоздрави за да заврши со поздравот. **ОБРАЌАЊЕТО** кон началникот е на следниов начин:

**Господине началник !!! Извидничкиот одред или екипата ( таа и таа)(од таму и таму) брои 50 извидника и е спремна за почеток на смотрата.**

По завршениот рапорт истовремено се поздревуваат и водачот се враќа на своето место во редот. Рапортот тече се додека сите не му се обратат на началникот. Откако сите ќе рапортираат началникот командува **НА СВОИТЕ МЕСТА**. На оваа команда водачите обратно од редоследот на доаѓање се враќаат на своите места.

По примениот рапорт од водачите началникот се врти кон старешината на смотрата и му предава рапорт за присутноста на смотрата и тоа:

**Господине старешина !!! На смотрата се присутни 200 извидници од шест извиднички одреди или 40 екипи и сите се спремни са почеток на смотрата.**

Взаемно се отпоздравуваат началникот се враќа на своето место, а старешината истапува да ги поздрави извидниците. На построените извидници им се обраќа со **ИЗВИДНИЦИ ЗДРАВО !!!** , на кој сите сложно и громогласно одговараат со **ЗДРАВО !!!**

По завршениот поздрав старешината дава команда **НА МЕСТО СЛОБОДНО**. Старешината одржува краток поздравен говор кој накрај завршува со желби за добри резултати и добар провод. На неговите желби извидниците одговараат со **БЛАГОДАРИМЕ !!!**

Старешината му ја предава командата на началникот на смотрата кој командува **МИРНО**. Одкако ќе се изврши неговата наредба го повикува одговорниот да ја прочита **ДНЕВНАТА ЗАПОВЕД** која го содржи распоредот на натпреварите и точната сатница.

По читањето на **ДНЕВНАТА ЗАПОВЕД** началникот ги повикува **ОДГОВОРНИТЕ ЗА ПОДИГАЊЕ НА ЗНАМЕТО ДА ИСТАПАТ**. Откако одговорните ќе ги зазамат своите места до јарболот началникот командува **ПОЗДРАВ КОН ЗНАМЕТО**. На оваа команда сите се вртат кон знамето и заземаат став мирно .

При подигање на знамето ако е извидничко во предходен договор со началникот може да се пее извидничката химна, а ако е државно - државната.

По савршеното подигање на знамето началникот командува **НА СВОИТЕ МЕСТА** одговорните за знамето се враќаат на своите места во стројот.

Старешината ја прогласува смотрата за отворена и дека натпреварите можат да почнат.

# ПАКУВАЊЕ НА ЗНАМЕТО

Од како ќе се спушти знамето потребно е истото да се здипли и спакува до следната негова употреба.

Предлог за диплење на знамето е прикажан на следнава шема:



Знамето по должина се дипли на три еднакви делови.



Откако ќе се здипли на три дела знамето се превиткува вотриаголници. Вака спакувано знамето се става во платнена врећичка и се остава во магацин.

## Давање на завет

Церемонијата на давање на завет е најсвечениот момент за секој извидник , бидејќи со тој чин младиот извидник на себе ги превзема обврските кои произлегуваат од почитувањето на извидничките закони. За тоа , секој извиднички одред ја организира програмата за давање на завет, но еден дел , на сите им е заеднички . Обично давањето на завет се одвива навечер, крај логорскиот оган.

Новите членови се постројуваат околу наредената пагода , водачот нас церемонијата командува:

## Поздрав за ЗАВЕТ

Сите потоа го прават мануелниот поздрав , но не ја поставуваат раката на челото тику ја подигаат во висина на десното рамо , на растојание од 20 см. од истото. Во истата положба се остаснувасе додека не заврши свечениот чин. Кога ќе заврши церемонијата следи командата

## Ви го честитаме давањето на заветот

Издава: Сојуз на извидници на Македонија

ул. Илинденска ББ, п.фах 122
91000 Скопје, Македонија
тел./факс: + (389) (091) 228 - 750
жиро с-ка: 40100-678-801